**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.29**

**И.бр.560/21**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Стојан Костов преку полномошник адвокат Никола Донев** од с.Спанчево со живеалиште на С.Спанчево, засновано на извршната исправа П4-15/16; ГЖ-994/16 од 04.10.2016 на Основен суд Кочани; Апелационен суд Штип, против **должникот Горан Наков од с.Спанчево** со живеалиште на с.Спанчево, за спроведување на извршување во вредност 2.024.241,00 ден., на ден 10.02.2022 година го донесува следниот:
:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА** продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

**-Трактор**
**-марка: Ландини ДТ 5500**
**-рег. број КО-1724-АБ**
**-број на шасија: TL22DTA2224908**

**кој се наоѓа во владение на должникот Горан Наков од с.Спанчево** со живеалиште во с.Спанчево **/ третото лице Мартин Наков од с.Спанчево** со живеалиште на с.Спанчево со вредност утврдена со Заклучок за утврдување вредност И.бр.560/21 од 27.12.2021 година во износ од **289.050.оо денари**, која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Нема товари.

Продажбата ќе се одржи на ден 02.03.2022 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр.54/2, Кочани.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Сите даноци и давачки кои произлегуваат од продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот Горан Наков од с.Спанчево / третото лице Мартин Наков од с.Спанчево.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник
Доверител
Трето лице
Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.